Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 02-461/1
27.08.2019 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ 103/2008……161/2019)и член 71 од Статутот на училиштето,Училишниот одбор на ООУ „Васил Главинов“ Велес на седницата одржана на ден 26.08.2019 година ја донесе следната

П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ„Васил Главинов„-Велес за учебната 2018/2019год.

Член 1

Училишниот одбор на ООУ „Васил Главинов“ Велес на ден 26.08.2019 год.го разгледа Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2018/2019год.и го предлага на Советот на Општина Велес на усвојување.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишен одбор

Оливера Нецинова

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 01-497/1
27. 08. 2019 год.
ВЕЛЕС

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

Годишен извештај за работа на „ООУ Васил Главинов“ - Велес

за учебната 2018/19 година



Датум

Август 2019

1. Вовед


Годишниот извештај за работа на училиштето е општ извештај за целокупната работа на училиштето и е изготвен врз основа на добиените сознанија од реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето во овој период, Развојниот план на училиштето, од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр. 103/2008) и Статутот на училиштето, од седниците на одделенските совети, од увидите од посетените часови, увидите во педагошката документација и евиденција, статистичките извештаи и прегледи од стручната служба и други извештаи, анализи, информации и осврти.

Годишниот извештај ја отсликува целокупната активност на училиштето, сето она што на почетокот на годината е планирано, непосредната организација и реализација, постигнатите успеси и реултати, како и предлог мерки за натамошното работење.

2.Лична карта на училиштето

Местоположба на училиштето

ООУ„Васил Главинов“ се наоѓа во новиот дел од градот.



Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	ООУ"Васил Главинов"
адреса, општина, место	Адреса: Никола Карев - 2
телефон	Телефон: 043 211 - 255
фах	Телефон/ факс: 043 211 - 255
е-маил	oouvasilglavinov@yahoo.com
основано од	Општина Велес
Верификација- број на актот	4025563
Година на верификација	1994
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и албански
Година на изградба	1960
Тип на градба	тврда
Површина на објект централно	5180 – м2
ПУ с.Раштани	63 м2
ПУ с.Бузалково	137 м2 + 860м2
Пу с Сливник	55 м2
ПУ с.Клуковец	48 м2
Објект бр.2 нас. Превалец	276 м2
Површина на училшниот двор	Централно 16 690 м2
	ПУ с.Раштани 2000 м2
	ПУ с.Бузалково 4880 м2
	Пу с Сливник 3500 м2
	ПУ с.Клуковец 1000 м2
	Објект бр.2 нас. Превалец 495 м2
Површина на спортски терени и игралишта	Централно -1634 м2
Училиштето работи во смена	Центалното, ПУ с. Бузалково и ПУ с.Сливник работат во 2 смени
Начин на загревање на училиштето	Централно-парно и ПУ с.Сливник (нафта), подрачни-огревно дрво
Број на одделенија	93
Број на паралелки	87
Број на смени	2
Статус на еко-училиште (зелено	Зелено знаме-три пати зелено знаме

знаме, сребрено или бронзено ниво)	
Датум на добиен статус	2014 , 2015 и 2018

- Просторни услови за работа на училиштето

	ООУ„Васил Главинов	ПУ с.Раштани	ПУ с.Бузалково	ПУ с. Сливник	ПУ с. Клуковец	Објект бр.2 нас. Превалец
Вкупен број на училишни згради	1	1	1	1	1	1
Број на подрачни училишта	5					
Бруто површина	33359	84	4250	3582	1100	771
Нето површина	15918	62	250	142	100	276
Број на спортски терени	3	/	2	/	/	/
Број на катови	П+2	1	П+1	1	1	1
Број на училници	41	2	9	4	3	3
Број на помошни простории	15					2
Училишна библиотека	1		1			/
Начин на загревање на училиштето	Нафта	Огревно дрво	Огревно дрво	Нафта	Огревно дрво	Огревно дрво

- **Материјално- технички услови**

Материјално технички услови	
Образовна технологија	***Количина***
Електронски дисплеј	1
Компјутери	496
Лап - топ	431
ЛЦД-проектор	5
Скенер	3
Печатар	7
Фотокопир	3
Телевизор	17
ДВД	16
Касетофон	25
Графоскопи	7

Структура на училиштето

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	Снежана Балова, Весна Крлева Глушкова, Нада Најдова, Исмаил Јакупи, Биљана Каракашева, Ангелче Гушев, Тања Димова, Зорица Попова Илиева, Лидија Атанасова
Членови на совет на родители (име и презиме)	Поради големиот број на членови во Совет на родители, дадени се во прилогот кон годишната програма на училиштето
Стручни активи (видови)	Македонски јазик ,Странски јазик, Ликовно образование, Музичко образование, Математика – информатика, Биологија - хемија – физика, Историја - географија - граѓ.култура,Техничко образование, Физичко образование
Одделенски совети (број на наставници)	117
Членови на ученичка заедница (број на ученици)	80
Членови на еко-одбор (број)	11

Наставен и ненаставен кадар

Одд.	вкупно	Етничка и полова структура на вработени									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	153	21	96	30	6						
Број на наставен кадар	117	12	73	26	6						
Број на стручни соработници	6	1	5								
Административни работници	3	/	3								
Техничка служба	25	6	15	4							
Директор	2	2	/								

Степен на образование на вработени

Образование	Број на вработени
М-р	5
Високо образование	88
Виша стручна спрема	35
Средно образование	25

Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	21
31-40	26
41-50	36
51-60	59
61 - пензија	11

Ученици

Одд.	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	10	**212**	78	55	43	33	1	2	0	0	0	0
II	10	**183**	66	61	31	25	0	0	0	0	0	0
III	10	**213**	62	70	36	40	2	1	1	0	0	1
IV	11	**187**	68	57	32	27	1	1	1	0	0	0
V	11	**226**	83	88	34	21	0	0	0	0	0	0
I - V	**52**	**1021**	**357**	**331**	**176**	**146**	**4**	**4**	**2**	**0**	**0**	**1**
VI	8	**199**	58	72	28	40	1	0	0	0	0	0
VII	9	**173**	68	65	26	14	0	0	0	0	0	0
VIII	9	**191**	66	76	22	26	1	0	0	0	0	0
IX	9	**207**	75	86	26	20	0	0	0	0	0	0
VI - IX	**35**	770	**267**	**299**	**102**	**100**	**2**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
I - IX	**87**	**1791**	**624**	**630**	**278**	**246**	**6**	**4**	**2**	**0**	**0**	**1**

– ***Наставен јазик***

	Наставен јазик-македонски	Наставен јазик-албански
Број на паралелки	62	25
Број на ученици	1267	524
Број на наставници	85	32

3.Мисија и визија

МИСИЈА

Вработените во училиштето, родителите и учениците имаат заеднички збир на вредности и визија и мисија за училиштето. Училиштето има своја препознатлива изјава за мисијата, во која се нагласени целите и приоритетите во неговата работа.

ЛОГО : „Училиште во кое СИТЕ учат“

Училиштето промовира знаење, вештини и ставови кои доприносуваат учениците да донесуваат одлуки кои не само што позитивно ќе влијаат на поединецот, туку и на опкружувањето. Тенденцијата е да создаваме услови кои овозможуваат образование на учениците според нивните можности и афинитети, развој на нивните вештини, компетенции и ставови во функција на сестран развој на личноста. Училиштето развива инклузивна политика, поддршка на различностите, на надарените ученици како и учениците со потешкотии во развојот.

Се поттикнува критичкото мислење и толеранција, Се развиваат стратегии и методи на учење и поучување на учениците кои доприносуваат да се подобрат нивните постигнувања.,

Училиштето го поддржува професионалниот развој на наставниот кадар. Едукацијата на наставниот кадар е во чекор со иновациите и промените во образованието, а со цел и да се постигнат високи образовни стандарди.

Преку тимска работа и соработка наставниците изготвуваат и реализираат квалитетни проекти. Тенденција е развивање и негување на вештини на меѓуетничка толеранција, како и развој на еколошката свест. Сакаме да останеме отворена институција која преку соработката со родителите, локалната заедница, социјалните партнери и останатите релевантни субјекти и е пример на добра соработка-партнер училиште.

ВИЗИЈА

Со Визијата за развој на училиштето - ***Училиште со услови и стручност за максимален развој и едукација на учениците*** приоритет се инклузивните политики. Настојуваме работата во училиштето да се темели на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, сигурноста и безбедноста во која сите ученици напредуваат според своите индивидуални способности, како и на ефикасната партиципација на сите кои се вклучени во неговата работа.

Се превземаат активности: подобрување на квалитетот на наставата преку: професионален развој на наставен кадар, подобрување на условите за работа во училиштето, опремување на училници и кабинети со современа образовна технологија, подобрување на воспитната компонента; поддршка на инклузивно образование; подигање на еколошката свест кај учениците; зајакнување на компетентноста на стручните активи и тимови за осовременување на наставата; зајакнување на соработка со родителите како партнери во воспитно-образовниот процес.

4.„Lessons Learned"- Веќе научено/ Стекнати искуства

Со континуираниот професионалниот развој на наставно-воспитниот кадар и примената на информатичката технологија настојуваме да го унапредуваме квалитетот на наставата, креативноста и индивидуалниот потенцијал кај учениците и нивниот развој. Се реализираа повеќе обуки во училиштето и надвор од него. Едуцираните наставници ги дисеминираат обуките.

Со цел да се подобри и успехот на учениците во соработка со наставниците се применуваат техниките на учење и методи на поучување во согласност со индивидуални можности на учениците. Оценувањето е според етичкиот кодекс на оценување. Учениците се вклучуваат во процес на самооценување – благовремено се информираат за методите и критериумите на оценување по наставни предмети. Учениците со нивните наставници – ментори учествуваа на голем број општински, државни и меѓународни натпревари и освоија низај награди и признанија.

Од страна на стручната служба се организираа предавања за учениците, работилници, дискусии и дебати на состанок на ученички заедници, се оддржуваа одделенски часеви; советодавна помош на група или поедини ученици, координирано во соработка со родителите. Кај учениците градиме вредности за: оспособување за примена на знаења и умеења во животот и понатамошното образование, развивање на чувство на одговорност, праведност, трудољубивост, почитување и исполнување на граѓанските права и обврски.

Ефикасно се користи информатичко - комуникациската технологија и учениците се поттикнуваат на учењето преку истражување, со што се стекнуваат со вештини за критичко размислување. Асистивните уреди и софтвери наменети за учениците со посебни образовни потреби се користат во наставата.

Од програмата „ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ" се интегрираа содржини во наставата од екологија, се реализираа работилници и меѓуврсничка едукација.Училиштето зеде учество на натпревар во изработки на творби од рециклиран материјал. Целта на имплементацијата на оваа програма е подигнување на свеста за животната средина, нејзино одржување, заштита и развој. Во рамки на проектот Еко-пакет, учениците секојдневно собираат тетрапак за изработка на експонати, со кои зедоа учество на изложба со натпреварувачки карактер во организација на Еко проектот, кој веќе неколку години по ред има за цел да ја развие свеста кај младата популација за здрава и чиста животна средина, реупотреба и рециклирање на отпадните материјали.

Се реализираа повеќе активности:Одбележување на денот на планетата Земја со учество на конкурс на тема „Здрава животна средина"; Учество на ЕКО самит –Скопје; учество на ликовни и литературни конкурси; одбележување на 22 Септември 2018 - Европска недела за мобилност; 16 Октомври 2018 – Награден конкурс Еко пакет Македонија 2018",
Во соработка и поддршка од општината, училиштето по трети пат е добитник на зелено знаме .

Во реализацијата на активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и Проектот „Градиме мостови" беа вклучени ученици, родители, наставници, партнер училишта, Црвен крст и Општина Велес. Се реализираа трибини, работилници, спортски натпревари, посета на културни знаменитодти. Целта на работилниците е да се поттикне и зголеми интеракцијата и соработка помеѓу различните етнички групи застапени во училиштето насочувајќи ги учениците кон што поголемо проактивно вклучување во општествените теми кои се од заеднички интерес.
Се промовираше еднаквоста, развиваше чувство на одговорност,поттикнуваше заедничко учество и меѓусебна соработка, развивање на социјални вештини и осетливост за потребите.
Во насока на реализација на активности од сегментот *Превенција од насилно однесување* со учениците се реализираа повеќе работилници, дебати, групна работа, беа одржани повеќе состаноци на ниво на ученичка заедница, индивидуални разговори и сл. Во соработка со Црвениот крст на општина Велес се реализираа работилници:„Превенција од злоупотреба на дрога и други психотропни супстанци" и „Превенција од ХИВ/СИДА".Педагошко-психолошката служба во соработка со ученичката задница организираше работилници и дебати, меѓуврсничка едукација на теми на кои се стави акцент : превенција од злоупотреба на средствата за зависност, конструктивно разрешување на конфликти, видови насилство; превенција од сајбер насилство. Исто така се реализираа хуманитарни акции за социјално ранливите категории на семејства под мотото„Со хуманоста на дело – Нова година радост за сите"!
Училиштето континуирано вложува во правилниот психофизички развој на учениците, се организираа и учествуваа на

низа спортски активности на кои беа освоени први места.

Од 17,18 и 19 Декември 2018 година по задолжение на директорот на Државниот просветен инспекторат Скопје , а предвидена со Годишната програма за работа на ДПИ, беше спроведена интегрална евалуација во ООУ"Васил Главинов",Општина Велес.

5.Подрачја на промени, приоритети и цели

1 Подобрување на квалитетот на реализација на наставата

Потреба од едукација на наставен кадар за работа со надарени и талентирани ученици; Унапредување на наставата по македонски јазик –со читање до лидерски вештини во соработка со МОН; Унапредување на наставата по математика–развој на критичко мислење во одделенска настава; Потреба од зајакнување на компетенции на стручни активи; Едукација на наставен кадар за изготвување личен план за професионален развој; Обезбедување на нагледни средства

2. Подобрување на воспитната компонента.

Работилници за превенција од болести на зависност; Потреба од едукација на учениците за конструктивно разрешување на конфликтите

3. Подобрување на услови за работа во училиштето

Адаптација на тоалети за ученици со посебни образовни потреби (2 тоалети); Замена на стара дрвена столарија со ПВЦ врати во тоалетите (15 врати); Потреба од естетско доуредување на училниците, кабинетите и холовите на училиштето; Подобрување на условите за работа во ПУ с. Клуковец со изградба на нова училишна зграда; Реновирање на спортските терни во ПУ с. Бузалково; Инсталирање на систем за парно греење во ПУ с. Бузалково; Реновирање на систем за парно греење во централно училиште; Поставување на канал за отпадни води во централно училиште; Поставување соларни панели на дел од училишната зграда во централно училиште; Поправка на лифт и негово ставање во функција за учениците со посебни образовни потреби; Обновување на стара дотраена фасада на училиштето

4. Подобрување на квалитетот на креирање на училишна политика

Развивање на партнерство помеѓу родителите и училиштето;Развивање на еколошката свест кај учениците, наставниците и родителите.

6.Евалуација на акциските планови

1. Подобрување на квалитетот на реализација на наставата

Во контекст на подобрување на квалитетот на наставата професионалниот развој е составен дел на секојдневната работа на наставниците. Се разменуваат искуство и знаење на ниво на стручни активи, хоризонтална и вертикална соработка, тимска работа, посета на семинари, формални и неформални состаноци.

Наставниците применуваат новите знаења и вештини во својата наставна пракса. Акцентот е ставен на суштинските активности на наставата и учењето – планирање на часовите, оценување на работата на учениците и ефективна наставна практика која овозможува подобрување на постигањата на учениците. Од големо значење е секојдневната соработка со колегите при што наставниците дискутираат за прашања од наставата, ги идентификуваат проблемите, изнаоѓаат решенија и истите ги применуваат во нивната практика. Професионалниот развој е дел од наставната работа во училиштето, но исто така се збогатува со идеи и извори на знаење и надвор од училиштето.

- Во контекс на унапредување на ИКТ во наставата и подобрување на квалитет на настава се реализираа интегрирани часови од нагледен карактер со примена на ИКТ;.
  Тимови за учење од наставници и стручни соработници им даваа поддршка на наставниците да споделуваат искуства и да учат од непосредната практика. Активностите беа насочени кон размена на искуства, идеи и материјали поврзани со учењето и постигањата на учениците, евалуација.

  Во училиштето се организираа индивидуални сесии за менторска поддршка на тимовите за учење;
  Се прибираа/подготвуваа материјали, информации и податоци за наредната средба;
- Со цел да се подобри и успехот на учениците наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците и во рамките на нивните потреби и афинитети применуваат техниките на учење и методи на поучување во согласност со индивидуални можности на учениците. За учениците со потешкотии во наставата се применува асистивна технологија и се изготвуваат индивидуални образовни планирања. Се поттикнуваат на учењето преку истражување, со што се стекнуваат со вештини за критичко размислување.
- Учениците беа вклучени во голем број воннаставни активности и натпревари. Учениците со нивните ментори освоија меѓународни и државни награди и признанија.
- Обезбедени се нагледни средства-географски карти; 2 принтера; Од проектот „Градиме мостови" ПУ с. Бузалково доби печатар и лаптоп.

Инструменти: записи од увиди на часови, статистички извештаи, извештаи од стручни активи,постигнувања од ученички натпревари, портфолио на ученици,извештаи од програма математика со размислување, извештаи од МИО, фотографии.

Носител на активностите: директор, заменик директор, стручни активи, наставници, педагог, психолог, дефектолог, инклузивен тим.

2. Подобрување на воспитната компонента

Реализирани се повеќе активности:

- Работилници во соработка со Совет за превенција на општина Велес: „Превенција на употреба на пиротехнички материјали" Реализатор: педагошко-психолошката служба
- Предавања за негување на здрави животни стилови на однесување
- Континуирано одржување на средби со родители од Програмата за советување на родители
- Континуирана соработка со родители и други институции
- Работилници за превенција од болести на зависност;Едукација на учениците за конструктивно разрешување на конфликтите " , „Превенција од ХИВ/СИДА- реализатори педагошко психолошката служба и Црвен крст на Општина Велес. Меѓуврсничка едукација-превенција од насилство-булинг и превенција од сајбер насилство.Активно вклучување на ученичка заедница во превземањето активности за превенција и редовно одржување состаноци со одделенски заедници

  Основната цел на овие активности е зајакнување на свеста и негување на здрави животни стилови кај учениците и родителите, квалитетно моделирање на улогите на наставниците и учениците во менаџирањето на паралелката,подобрување и правилно организирање на воспитната компонента, ефективно и ефикасно реализирање на наставата

Критериум за успех: Намален број на дисциплински проблеми; реализирана програма за советување на родители, работилници со ученици, едукативни предавања, дебати

Инструменти: статистички извештаи, записи од стручна служба и наставници, извештаи од ученичка заедница

Носител на активностите: наставници, стручни соработници, директор, ученици,родители

Временска рамка: септември - декември 2018 год.

3. Подобрување на услови за работа во училиштето

- Дел од планираните активности за овој период се реализираа со предвидената динамика. Имено, естетски се уреди просторот во холовите и училниците. Тие станаа пријатно место за престој за учениците во училиштето. На почетокот од учебна година направена е дезинфекција и дератизација на сите училишни простории. Доградени се 2 тоалети за учениците со потешкотии , направена е замена на 15 ПВЦ врати во машките тоалети, извршено е белење на 2 кат, сервисирање на 16 ПП апарати. Поставен е ламинатен под во 2 простории во централното училиште (просторија на

технички персонал и медиотека) како и во 1 просторија во ПУ с. Раштани.Во Објект бр.2 извршено е преградување на училница, поставување ПВЦ врата и молеро-фарбарски активности. Во ПУ с. Бузалково извршена е замена на 8 ПВЦ врати и поставен е линолеум под на првиот кат.

- ***Инструменти***: фотографии, записници.

4. Подобрување на квалитетот на креирање на училишна политика

Во контекст на Развивање на партнерство помеѓу родителите и училиштето, родителите се поприсутни во училиштето со непосредна помош и поддршка во реализација на планираните активности на ниво на училиште.

Во овој период се реализираа следните активности:

- Се реализираа активности за Промовирање на разликите и социјална одговорност меѓу учесниците со цел да се развива чувство на емпатија и доживување на различностите во позитивен контекст.
- По повод Новогодишните празници во соработка со родителите се реализираа: новогодишни приредби и *Новогодишен базар* со изложени новогодишни украси, честитки и десерти. Дел од средствата беа наменети за ученици од социјално ранливите категории, а дел за обезбедување нагледни средства за потребите на училиштето. Временска рамка: декември 2018.
- По повод Рациновите средби беше организирано литературно читање во училишната библиотека во кое свое учество зедоа и познати писатели.
- „Родителски отворени денови" се организираа во месец ноември. Родителите беа информирани за успехот и постигнувањата на нивното дете, како и за нивното однесување и почитување на училишен кодекс. Се даваше педагошка поддршка за следење на севкупниот детски развој и сите негови фази и особености. Родителите партиципираа во давање на идеи, предлози за подобрување на квалитетот на училишниот живот.
- Во соработка со Ученичката заедница, стручната служба,Црвениот крст и родителите се организираа хуманитарни акции под мотото-СО ХУМАНОСТ НА ДЕЛО за помош на социјално ранливи категории на ученици и ученици на кои им беа неопходни средства за лекување.По повод новогодишните празници беа организирани новогодишни штандови, а за социјално ранливите категории на ученици беа изготвени новогодишни пакетчиња и хуманитарни пакети со храна и хигиенски средства(донирани од соучениците) .
- Родителите беа вклучени и во многу активности од МИО.
- Целите на училиштето се во согласност со целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма . Разбирање на клучните проблеми на животната средина како и на факторите што негативно влијаат врз животната средина. Во училиштето се реализираа активности кои допринесоа да се развие свесност и осетливост за проблемите на животната средина кај учениците, наставниците и кај поширокатa средина.

Се релизираа работилници - изработка на канти за отпадоци; изработка на тетрапак амбалажа; собирна акција на стара хартија и пластична амбалажа.

Од „Заедница за учење се реализираа практична примена на современи методи и техники на почување во наставата по математика и македонски јазик

- Создавање на позитивна училишна клима, подобрувањето на однесувањето и намалувањето на насилството — се основни темели за креативна и ефективна средина за учење и подучување во која сите може успешно да работат и се чувствуваат почитувани, сигурни и безбедни. Во овој контекс училиштето има изгорвено етички кодекс на однесување, правила и процедури. Програма за превенција од насилство и се реализираат поголем број на работилнилници и дебати со учениците и родителите.

Инструменти: записи од стручна служба и наставници,педагошка евиденција, извештаи од ученичка заедница, извештај од спроведените активности од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем", извештај од „Заедница за учење"; извештаи од Совет на родители, записници од Родителски средби.
Носител на активностите: директор, училишни тимови, еко патроли, ЕКО одбор, родители, ученици

Временска рамка: септември - декември 2018 год.

Училиштето е вклучено во поголем број проекти:

- Креативна настава и учење каде што главен акцент се става на латерални техниките на учење;
  - *Математика со размислување* и македонски јазик во почетните одделенија- во организација на БРО, МОН, МЦГО, УСАИД
  - *Со читање до лидерство* - во организација на Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", УСАИД , МОН и ДИЦ. Меѓународна студија за оцена на почетната состојба со јазична и математичка писменост кај учениците од второ и трето одделение. Училиштето беше вклучено во различни активности за унапредување на јазичната и математичката писменост со цел да се подобрат јазичните и математичките вештини кај учениците од почетните одделенија, да се зајакнат педагошките вештини на наставниците, особено вештините за формативно оценување и проценка на нивото на јазична и математичка писменост кај учениците, и да се подигне свеста кај целата заедница за тоа колку е важно описменувањето на рана возраст.
  - *„Заедница за учење" во организација на БРО Цел:* размена на искуства со практична примена на современи методи и техники на почување во наставата по математика и македонски јазик

- ➢ *Отвори го срцето* - Центар за интегрална рехабилитација „Виготски" - Велес
- o Интеграција на еколошка едукација во образованието

Целта на оваа програма е развивање на свеста и стекнување на знаења и вештини кај учениците за заштита на животната средина и нивна одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето домот и поширокатa заедница. Учениците да ги зајакнат своите искуства од учењето, да оформат ставови врз основа на информации, да развијат вештини на комуникација, односи со јавноста, истрајност во работата.

- ➢ „Еднаков пристап за еднакви можности"
- ➢ Заедничка Програма на Европска унија и Совет на Европа „Регионална поддршка за инклузивно образование"
- ➢ Меѓуетничка интеграција во образованието - МЦГО, УСАИД, МОН
- ➢ Намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата
- ➢ Работилници„Вештини за адолесценција"
- ➢ Меѓународно истражување „ЕГРА - ЕГМА"
- ➢ *Зелен пакет јуниор* - МОН, Министерство за животна средина
- ➢ *„Градиме мостови*

7. Настава

Реализација на воспитно - образовната работа во училиштето

Наставата е основна форма на ВОД и ги опфаќа задолжителната настава по наставни предмети и наставни подрачја и други видови настава (дополнителна, додатна и изборна настава). Наставата се организира и реализира според наставни програми за задолжителни и изборни предмети, што се изучуваат по одделенија, согласно Наставниот план за основно училиште.

Организација на наставата

Согласно со Наставниот план и програма за основно образование наставата се планира, организира и реализира и истата континуирано се следи. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Преку наставниот процес учениците се стекнуваат со трајни знаења, вештини, умеења и формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

Во планирањето и реализацијата на наставата се посветува потребното внимание на сите ученици. Согласно со Наставниот план во училиштето се организираат и реализираат следните облици на настава:

- Задолжителна настава
- Изборна настава
- Дополнителна настава

- Додатна настава

-Организација на задолжителна настава

Наставниот процес се изведува согласно со Наставниот план и Програма на Министерството за образование на Р.Македонија, Бирото за развој на образованието и плановите и програмите на училиштето.

Задолжителната настава претставува основа за реализација на планираните воспитно-образовни цели на основното образование и овозможува вертикална проодност за понатамошното школување на ученикот во средното образование.

Задолжително образование на учениците според старосната возраст поделено во три периода и тоа од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение.

- Запишувањето на учениците во I одд. за учебната 2018/2019 год. се изведува според начинот и во согласност со Законот за основно образование и е во надлежност на комисијата за упис на првачиња.
- Во училиштето задолжителен странски јазик е англискиот, а втор странски јазик е француски и германски јазик.
- Пред почетокот на учебната година се изработува распоред на редовна настава, до 15 септември и распоред за додатна и дополнителна настава, како и распоред за дежурства на наставниците и учениците.

-.

- Носители на наставниот процес се наставниците, поединечно, одговорните наставници на активите, педагогот, психологот, дефектологот и директорот на училиштето, кои ги реализираат своите задолженија и активности според своите глобални и тематски планирања кои ги изготвуваат на почетокот на учебната година

Наставата се реализира во две смени. Наставата за првата смена започнува во 7^{30} часот, а за втората од 13^{00} часот .Наставата се реализира во кабинети и училници.

Изборна настава -Врз основа на реализираната анкета со родителите на учениците од VI одд. - избрани се следните изборни предмети: Запознавање на религии, Етика во религиите и Класична култура во европската цивилизација од понудените три.

Учениците во VII одд. ќе изучуваат: Проекти од музичка уметност, Изборен спорт, Вештини на живеење.

Учениците од VIII одд. изучуваат: Изборен спорт, Унапредување на здравјето и Техничко образование ;

IX - Проекти од информатика, Изборен спорт, ТО, Унапредување на здравјето,.Народни танци и ора

Во во IV одд и V одд - Творештво.

Изборните предмети за ученици кои следат настава на албански јазик: VI - Етика во религии, VII - Вештини на живеење, VIII - Програмирање и IX одд - Проекти од информатика.

.

Дополнителна настава се организира со онаа категорија на ученици од прво до деветто одд. кои не се во состојба да го следат ритамот и динамиката на наставниот процес.

Додатна настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети применувајќи поактивни организациони форми и методи на работа.

Продолжен престој се организира за учениците од I - V одделение со временски термин од 7^{00} - 15^{00} часот. Во сите видови и фази на наставата, родителите можат активно да се вклучат, со целосна поддршка и соработка на училишните тимови

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани

Програмата за работа со надарени и талентрани ученици се заснова на се она што е во зависност со потребите и интересите на учениците. Посебно внимание е посветено на карактеристиките на талентираноста, учењето, креативноста, особините на личноста за потенцијалните таленти, методите и формите на работа, кои се насочени кон самостојно учење и користење информации, развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија и сл.

Активности кои се реализираа: Идентификацијата на овие ученици е со примена на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците, запознавање на наставниците со надарените ученици и видот на надареност, вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности, следење на индивидуалните постигања на надарените учениците,вклучување на учениците во натпревари, Индивидуална советогавна работа со родители, Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на надарените ученици.

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

За работа со ученици со посебни образовни потреби, училишниот тим за инклузивно образование изготви Протокол за идентификација и следење на деца со здравствени, емоционалнисоцијални проблеми, процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби -идентификација, следење,изготвување на годишни, тематски и дневни планирања за работа со ученици со ПОП. Учениците со ПОП активно се вклучени во проектни активности од МИО, ЕКО, како и во вонннаставни активности.

- ***Поврзување на еколошката програма со редовната настава***

Еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите се интегрираат во наставните содржини и часовите по соодветното одделение. Целта е подигнување на свеста за животната средина, нејзино одржување, заштита и развој.

- ***Употреба на ИКТ во наставата***

Образовната технологија е составен дел во реализација на наставата. Наставниците се оспособени за користење на образовни софтери во наставата.

Наставниците ги насочуваат учениците со посебни образовни потреби да користат асистивни уреди и софтвер за работа и учење. Учениците и наставниците активно се вклучени во телеколаборативни проекти, се организираат предизвици на различни теми, креирање на дигитални образовни содржини. Ефикасно се користи информатичко - комуникациската технологија со што се поттикнува учењето преку истражување, и учениците се стекнуваат со вештини за критичко размислување.

Македонски наставен јазик

Наставен предмет	I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX	
	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.
Македонски јазик	1728	1728	1728	1728	1728	1728	1620	1620	1620	1620	864	855	864	858	864	864	1008	1012
Албански јазик																		
Математика	1440	1440	1440	1441	1440	1440	1620	1620	1620	1620	1080	1079	864	865	864	865	1008	1001
Англиски јазик	576	578	576	581	864	864	972	973	972	974	648	642	648	644	648	654	756	750
Втор странски јаз. – франц. ј											216	217	216	214	216	219	216	214
Втор странски јаз. – герман. ј											216	212	216	222	216	213	288	286
Ликовно обр.	576	576	576	576	576	576	648	648	648	648	216	218	216	216	216	213	252	252
Музичко обр.	576	576	576	577	576	579	648	648	648	641	216	218	216	204	216	214	252	250
Иновации																	252	252

Техничко обр.							324	323	648	642	216	217						
Информатика											432	432	216	210				
Општество	288	289	288	291	288	288	648	648	648	651								
Географија											432	432	432	432	432	436	504	504
Историја											432	431	432	436	432	432	504	504
Етика													216	210				
Граѓанско обр.															216	213	252	256
Природа																		
Природни науки	576	579	576	576	576	576	648	648	648	646	432	432						
Биологија													432	429	432	434	504	493
Физика															432	432	504	505
Хемија															432	422	504	496
Физичко и здраствено образо.	864	866	864	865	864	864	972	972	972	971	648	649	648	644	648	651	756	755
изборни предмети																		
Творештво							324	323	324	324								
Работа со компјутери					576	576	648	646	648	646								
Етика на религии											216	218						

Запознавање на религиите											360	360						
Класична култура на европска цив.											72	72						
Програмирање																		
Унапредување на здравјето															360	367	504	500
Проекти од ликовна уметност																		
Проекти од музичка уметност													216	216				
Техничко образование															360	367	72	72
Вештини на живеење													360	360				
Изборен спорт													144	140	72	76	144	144
Танци и народни ора																	216	212
Проекти од информатика																	144	150
Вкупно:	6624	6632	**6624**	**6645**	7488	7491	**9072**	**9069**	**9396**	**9383**	6696	6684	6336	6300	**7056**	**7072**	**8640**	**8608**

Албански наставен јазик

Наставен предмет	I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX	
	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.
Македонски јазик							216	206	288	270	216	209	216	206	144	136	144	141

Албански јазик	864	860	864	863	864	864	324	288	720	720	288	283	288	277	288	276	288	282
Математика	720	720	720	718	720	717	540	539	720	720	360	360	288	285	288	288	288	288
Англиски јазик	288	260	288	255	432	397	432	432	432	390	216	212	216	217	216	211	216	214
Втор странски јаз. – франц. ј											144	146	144	147			144	146
Втор странски јаз. – герман. ј															144	138		
Ликовно обр.	288	288	288	284	288	282	216	214	288	288	72	71	72	71	72	71	72	70
Музичко обр.	288	288	288	285	288	280	216	217	288	286	72	72	72	72	72	71	72	73
Иновации																	72	70
Техничко обр.							108	108	288	284	72	72						
Информатика											144	147	72	72				
Општество	144	144	144	142	144	143	216	216	288	290								
Географија											144	142	144	144	144	142	144	144
Историја											144	139	144	135	144	139	144	143
Етика													72	72				
Граѓанско обр.															72	72	72	63
Природа																		
Природни науки	288	294	288	288	288	289	216	216	288	284	144	142						
Биологија													144	143	144	141	144	145
Физика															144	146	144	144
Хемија															144	141	144	144
Физичко и здравствено образо.	432	435	432	436	432	436	324	324	432	434	216	215	216	207	216	202	216	209
изборни предмети																		
Творештво							108	105	144	144								
Работа со компјутери					288	286	216	215	288	288								
Етика на религии											288	287						
Запознавање на религиите																		
Класична култура на																		

европска цив.																		
Програмирање															216	215		
Унапредување на здравјето																		
Проекти од ликовна уметност																		
Проекти од музичка уметност																		
Техничко образование																		
Вештини на живеење													144	146				
Изборен спорт																		
Танци и народни ора																		
Проекти од информатика																	144	140
Вкупно:	**3312**	**3289**	**3312**	**3271**	**3744**	**3694**	**3240**	**3187**	**4464**	**4398**	**2520**	**2497**	**2232**	**2194**	**2448**	**2389**	**2448**	**2416**

Збирно-македонски и албански наставен јазик

Наставен предмет	I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX	
	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.	план.	реал.
Македонски јазик	1728	1728	1728	1728	1728	1728	1836	1826	1908	1890	1080	1064	1080	1064	1008	1000	1152	1153
Албански јазик	864	860	864	863	864	864	540	539	720	720	288	283	288	277	288	276	288	282
Математика	2160	2160	2160	2159	2160	2157	2160	2159	2340	2340	1440	1439	1152	1150	1152	1153	1296	1289
Англиски јазик	864	838	864	836	1296	1261	1296	1261	1404	1364	864	854	864	861	864	865	972	964
Втор странски											360	363	360	361	216	219	360	360

јаз. – франц. ј																		
Втор странски											216	212	216	222	360	351	288	286
јаз. – герман. ј																		
Ликовно обр.	864	864	864	860	864	858	864	862	936	936	288	289	288	287	288	284	324	322
Музичко обр.	864	864	864	872	864	859	864	865	936	927	288	290	288	276	288	285	324	323
Иновации																	324	322
Техничко обр.							432	431	936	926	288	289						
Информатика											576	579	288	282				
Општество	432	433	432	433	432	431	864	864	936	941								
Географија											576	574	576	576	576	578	648	648
Историја											576	570	576	571	576	571	648	647
Етика													288	282				
Граѓанско обр.															288	285	324	319
Природа																		
Природни науки	864	873	864	864	864	865	864	864	936	930	576	574						
Биологија													576	572	576	575	648	638
Физика															576	578	648	649
Хемија															576	563	648	640
Физичко и здраствено образо.	1296	1301	1296	1301	1296	1300	1296	1296	1404	1405	864	864	864	851	864	853	972	964
изборни предмети																		
Творештво							432	428	144	144								
Работа со компјутери					864	862	864	861	936	934								
Етика на религии											504	505						
Запознавање на религиите											360	360						
Класична култура на европска цив.											72	72						
Програмирање															216	215		

Унапредување на здравјето															360	367	504	500
Проекти од ликовна уметност																		
Проекти од музичка уметност													216	216				
Техничко образование															360	367	72	72
Вештини на живеење													504	506				
Изборен спорт													144	140	72	76	144	144
Танци и народни ора																	216	212
Проекти од информатика																	288	290
Вкупно:	**9936**	**9921**	**9936**	**9916**	**11232**	**11185**	**12312**	**12256**	**13536**	**13457**	**9216**	**9181**	**8568**	**8494**	**9504**	**9461**	**11088**	**11024**

8. Оценување

Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

Следење, проверување и оценување на постигнувањата на учениците е континуиран процес и се интегрален елемент на воспитно-образовниот процес. Учениците од I - III одд се оценуваат описно кое ги исполнува дијагностичките и формативни барања, додека од IV - VI одд. - комбинирано, а учениците од VII - IX бројчано.

- Се имплементира етичкиот кодекс на оценување од страна на родители, ученици, наставници, администрација;
- Наставниците ги почитуваат и применуваат принципите и стандардите на оценување
- Учениците и родителите се информирани за стандардите и критериумите на оценување по наставни предмети.
- Наставниците водат ученичко портфолио
- Од страна на стручна служба се дава поддршка на наставниците за изготвување на инструменти на оценување (тестови, контролни задачи, аналитички и холистички листи) во функција на формативно и сумативно оценување
- Се следат постигнувања на учениците и наставниците водат ученичко портфолио
- Се применуваат различни методи на оценување со што се минимизираат слабостите и ограничувањата на секој поединечен метод
- Се обезбедува ефикасна повратна информација за учениците и родителите
- Учениците се активно вклучени во процес на самооценување
- Се почитува принципот на транспарентност во оценувањето

Воннаставни активности

Во делот на воннаставните активности (слободни ученички активности, активности на заедниците на учениците, општествено - корисна работа, ученички екскурзии и натпревари) се посветува внимание на грижата за здравјето на учениците, соработка со Локалната средина, вклучување на родители, соработка со други воспитно - образовни установи. Преку овие активности учениците се воведуваат во разни области од животот и имаат можност организирано да го поминат своето слободно време. Исто така се создаваат услови за работа и развој на оние ученици кои покажуваат посебен интерес и дарба кон одделни активности. Реализацијата на слободните активности се одвива водејќи се од интересите и барањата на учениците.

- Заедницата на учениците се организира на ниво на паралелка и училиште и тоа со ученици од VI - IX одд . Има за цел да ја јакне и развива самостојноста на учениците, нивната дисциплина, одговорност за работа и успех во

училиштето. Заедницата на учениците заедно со наставниците и родителите се ангажираше во повеќе подрачја: организирање општествено - корисна работа, хуманитарни акции,зајакнување на воспитната компонента, превенција од насилно однесување, уредување на ентериерот во училиштето, проектни активности, активности планирани со програмата „Еко-училиште”, разрешување на тековни проблеми. Нејзината работа ќе ја помага директорот, стручните соработници и наставниците

- Учениците со своите ментори зедоа учество и на разни литературни и ликовни конкурси и манифестации по повод патроните празници на другите училишта во општината и пошироко.
- Се реализираа активности по повод одбележувањето на првиот училишен ден, Приемот на првачињата во ДО и ПЦК, Детските Рацинови Средби, Денот на независноста на Македонија, Светскиот ден на учителите, Ден на македонското востание.
➢ Се реализираат работилници со учениците чија цел е јакнење на нивните вештини во периодот на адолесценција. Вештините за адолесценција нудат можности за унапредување на вештини на говорење, слушање, читање и пишување; јасно дефинирање на прифатливо или неприфатливо однесување,реагирање на неприфатливо однесување;следење на напредокот на ученикот низ проверка.

➢ Грижа за здравјетои хигенски навики-здрава исхрана, целта на спортски активности, превенција од вирусни заболувања.

➢ Во училиштето се реализира и **Програма за Советување на родители**. Советувањето, беше во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии. Целни групи опфатени со советувањето беа родители чии деца имаат одреден вид проблеми во училиштето.

➢ Меѓуврсничка едукација за превенција од насилство во училиштата и превенција од сајбер насилство; превенција од злоупотреба на психотропни супстанци

➢ **Превентивни активности во рамки на Локалниот совет за превенција од малолетничко престапништво**

➢ Работилници со ученици од 9 одд. со цел да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштитаод истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството; да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува

Во соработка со Црвен крст се реализираа едукативни трибини и предавања за превенција од заразни болести: туберколоза и сида.

Позитивна социо-емоционална клима

Еден од факторите кој влијае врз создавањето на пријатна, стимулативна и креативна атмосфера во одделението е успешната комуникација.Таа е значајната детерминанта со која на учениците им се дава еднакви можности почитувајќи ги нивните можности и афинитети. Поддршка и работа со ученици кои имаат емоционални проблеми имаат/добиваат од страна на стручната служба.

Во училиштето се реализираа работилници со ученици со потешкотии во развојот, родители и наставници во соработка со преставници од Регионалниот центар за поддршка на инклузивно образование.

Се одржаа повеќе работилници од „Заедница за учење“-во соработка со УСАИД и БРО целна група: наставници, родители, ученици, претставници од БРО и локална заедница.

По повод новогодишни празници се организираа интерактивни работилници и хуманитарни акции со ученици, родители и наставници од различа етничка и социјална средина родителите на учениците.

10. Грижа за здравјето

Во текот на летниот период извршено белење и фарбање на вториот кат во двата крака од училиштето, редовно се врши дезинфекција и дератизација. Во делот каде што се реализира настава за учениците од прво одделение исто така е извршено белење, санирана е делот каде што се појави влага, како и естетско дизајнирање на ѕидовите.

Организирање и реализација на систематски прегледи и стоматолошки прегледи, залевање на заби, вакцинации на учениците во соработка со Здравствен дом Велес. Вакцинацијата се реализираше според календарот за имунизација.

Реализирани се едукативни предавања за превенција од заразни болести, превенција од болести на зависност. Дел од активностите се реализирани во соработка со Црвен крст.

Одржано е предавање и работилница на тема „Како да оздравам“ за превенција и заштита од болести ,како и опоравување и лекување.

- Предавања и презентација на тема:Работилница - Тема:„Градба и фунција на орална празнина“

- ❖ Предавања и презентација на тема:Работилница Тема:„Правилнаисхрана и контрола на внес на шеќери"
- ❖ Превенција и заштита од грип – изработено од педагошко-психолошката служба
- ❖ Детска превентивна стоматологија:Работилница - Тема:„Правилна орална хигиена"Работилница 4 Тема:„Редовна посета на стоматолог и контрола на флуиди"
- ❖ Истражување " Иницијатива за следење на дебелината кај децата на училиште"
- ❖ Како да се заштитиме од заразните Болести- во организација со Црвен крст-Велес и СВР-Велес
- ❖ Едукација за влијанието на физичките активности (спортот) врз здравјето

Во контекст на негување на здрав начин на исхрана се реализираа предавања и штандови со цел учениците да се едуцираат за здравата исхрана и да се подигне нивната свест за начинот на исхрана и негување на здравите животни стилови.

11.Училишна клима и односи во училиштето

Во основата на успешното подобрување на училиштето е силна култура на тимска работа и постојано професионално усовршување. Чувството на колегијалност и меѓусебна поддршка создава култура на доверба кај персоналот и има поголема подготвеност за прифаќање на новите идеи. Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување.
Односот меѓу учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со почитување
Училиштето е отворено за соработката со надворешните лица, од посредното и непосредното опкружување.

За оваа цел неопходно е инволвирањето на родителите и заедницата во активностите на училиштето на четири нивоа: Информирање; Инволвирање; Соработка; Партнерство.

Училиштето има изградено политика за градење позитивна училишна клима - Кодекс на однесување на вработените, учениците и родителите; обезбедува поддршка од заедницата, родителите и поединци, развива и одржува партнерства со заедницата со цел да се обезбеди поддршка за спроведување на политиките за спречување на насилството во училиштето.

Во училиштата се формирани инклузивни тимови, кои градат заедничко разбирање за посебните потреби на учениците и ја планираат, насочуваат и следат севкупната работа поврзана со зголемување на инклузивноста на училиштето.

Со цел да се зајакне воспитната компонента во паралелката се одржаа работилници со учениците во кои се инспирира емпатиска комуникација, се стимулира довербата во комуникацијата на релација наставник – ученик. Се овозможи

личноста да ги изрази своите чувства, поддршка на позитивната слика за себе и зголемување на свесноста на учениците за своите постапки.

Во однос на вториот оддел **„Промовирање на постигнувањата"** : училиштето да ги промовира личните постигнувања на сите ученици, дава признанија/пофалби за присуство во сите подрачја на активностите во училиштето.

Во соработка со родители за намалување на негативните појави се реализираа активности преку индивидуални средби, групни средби и други форми на работа.

Содржини од воспитен карактер за развој на учениците беа презентирани преку едукација на родителите:

- разрешување на конфликти
- предавања за пубертет;
- разговор за подобар успех;
- период на адолесценција
- агресија и последиците од неа
- борба против пороците на XXI век

- ***Мулти- културализам***

Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) е проект на УСАИД во Македонија, што го спроведува Македонскиот центар за ѓраѓанско образование и Центарот за човекови права и разрешување конфликти, како партнер организација на УСАИД. Активностите за промоција на мултикултурализам се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, фестивали и одбележување на празници . Сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните, верските и образовните вредности.

Нашето училиште беше дел од обуките кои се предвидени преку овој проект.Секој наставник беше задолжен да изготви план за реализација на активности со ученици од друга етничка припадност.

Цели на проектот:

✓ Запознавање, почитување и соработка со деца-припадници на различни етнички групи

- ✓ Реализација на мултикултурни заеднички училишни активности
- ✓ Намалување на етничките предрасуди и зголемување на меѓусебното почитување преку интерперсонално и интеркултурно запознавање и заедничка работа
- ✓ Промовирање соработка со другите заедници
- ✓ Градење групна кохезија
- ✓ Запознавање со одредени обичаи,празници и прославиво различни култури
- ✓ Учење зборови на јазикот на ,,другите,,
- ✓ Стекнување увид во сличностите и разликите со јазикот на другите

Реализирани активности:

- Посета на верски објекти и на учениците од муслиманска националност - запознавање со разни верски обичаи и празници на различни националности;
- Посета на музеј и културно уметничко друштво во кои зедоа учество и родителите.
- Во подрачното училиште во с.Бузалково беше реализирана работилница на која учествуваа: ученици, родители, наставници, претставници од локалната самоуправа.
- Одржани се повеќе работни средби со преставници од Партнер училиштата во реализација на Програмата Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем.
- Реализација на активности од Акционен план со партнер училиште ООУ„Благој Кирков" - проект „Градиме мостови".

12. Професионален развој на образовниот кадар

Се реализираа различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку стручните активи, организирање на отворени часови, работилници. Се поттикнуваше продуктивна соработка помеѓу наставниците со одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки.
Вработените учествуваа на обуки, семинари, конференции:

- ➢ Наставниот кадар и стручните соработници учествуваа на поголем број обуки:„Едукација на наставен кадар за изготвување на програма за работа со надарени и талентирани ученици"; „Стандарди за инклузивно образование на учениците со телесен хендикеп"; „Водич за инклузивно образование –премин од одделенска во предметна настава" во организација на Ресурсен ценар на родители;

- „Зајакнување на капацитетите на инклузивното образование-во организација на БРО;
- „Практична примена на одредбите од законот за јавни набавки"-Association of finance officers; „Насоки за користење збирки задачи по математика"-УКИМ Скопје; „Откривање и работа со надарени и талентирани ученици"- македонска организација за надарени ученици; „Трговија со луѓе"-ООЦК Велес; Мрежен настан-Со читање до лидерство; „Безбедност на пешаците"-во организација на општина Велес; „Унапредување на училишниот спорт во Р.Македобнија", „Медиумска писменост во основното образование-БРО и здружение за новинарство; Обезбедување поддршка за процесот на инклузивна настава и учење на сите нивоа; Унапредување на наставата по македонски јазик - со читање до лидерски вештини во соработка со МОН; „Educate and Enpower from a more creative and enligutened teacher to a more forceful and cultivated student"-ЕЛТАМ(асоцијација на наставници по англиски јазик
- Во училиштето се реализираше обука за „Чекори за изготвување самоевалуација на училиштето"
  Реализатори:педагошко-психолошка служба

Цел на обуката: зајакнување на професионални компетенции во однос на трансферот на потребните знаења, вештини и умеења за дејствување во насока на изготвување квалитетна самоевалуација.

- Учество на семинар "Унапредување на училишниот спорт во Р.Македонија "
  Федерација на училишен спорт заедно со Агенција за млади и спорт
  Септември 2019
  Предметен наставник по физичко и здравствено образование Весна Николова
  Предметни наставници: Милка Андонова, Каролина Попова, Сандра Нешова Крајчев, Весна Здравковска
- Обука за ,,Стандарди за инклузивно образование за ученици со телесен хендикеп"

Локација: ПОУ „Маца Овчарова" Велес Реализатори:Марија Давчевска и Живка Саздовска-ПОЛИО ПЛУС-ЕУ
15 октомври 2018г.
Наставници од одделенска и предметна настава

- Евакуација во случај на пожар

П.П Служба-Велес,Полиција-Велес и Медицински Центар-Велес
17 октомври 2018г.
Наставници од одделенска настава

- Меѓународна конференција организирана од ЕЛТАМ

Локација:Струга

- Интернационален сертификат за координатор на Еко училиште со зелено знаме

Ноември 2018
19 октомври
Предметен наставник по англиски јазик- Весна Крлева Глушкова
Предметен наставник по техничко образование и информатика-Милка Андонова

- Насоки на користење на збирките задачи по математика од I doIX одд. и вреднување на постигањата на учениците

Факултет за образовни науки при универзитет „Гоце Делчев"Штип и Природно математички УКИМ Скопје во соработка со Просветно дело
15 ноември 2018 г.
Наставници од одделенска и наставници по математика од предметна настава

- Обука за наставници по предметот: Граѓанско образование за VIII одд.

Локација: Струга
Од 2 до 4 декември 2018г.
Предметен наставник по граѓанско образование-Весна Дончевска

- Тричасовна сесија со наслов Креативни наставници – креативни ученици – дел 4 – ЕЛТАМ

Локација: Скопје
22 декември
Предметен наставник по англиски јазик- Весна Крлева Глушкова

- Обука за стимулирање на учество во процесите на постапување со отпадот-

Општина Велес и Техничко –технолошки факултет;
24 декември 2018
Предметен наставник по техничко образование и информатика-Милка Андонова

- Real Madrid Foundation Campus Experience

Организација на КМГ спорт од Скопје, одржано во Охрид
Јануари 2019
Предметен наставник по физичко и здравствено образование Весна Николова

- Работилница за процесот за аплицирање за Клучна акција 101 -Мобилност на наставниот кадар во училишното образование

Драгица Ивановска-Националната агенција за европски образовни програми и мобилност,одржано во Скопје
24 јануари 2019г.
Наставници од одделенска настава

- Mid-service Conference-Конференција на мировниот корпус во Република Македонија

7ми Февруари -Хотел ТЦЦ Гранд Плаза Скопје
Февруари 2019
Предметен наставник Александра Крстовска

- 1 регионална конференција „Светот на образованието ги брише границите„

Асоцијација на најдобрите наставници на бивша Југославија со подршка од Министерството за образование и наука на Р.С.Македонија одржан во Скопје
1 и 2 март 2019г.
Лила Арсова(одделенски наставник) и
Весна Здравковска(предметен наставник)

- Обука за безбедност и здравје при работа

Локација: ООУ „Васил Главинов" Велес Реализатор:Панче Трчковски ЦБЗР ДОО-Тетово
14 март 2019г.
Наставници од одделенска и предметна настава

- Меѓународна конференција за наставата по физика

Локација: Алексинац, Р. Србија
од15 до 17март2019
Предметен наставник по физика-Елизабета Јордановска

- Активно учество во активности на Legoland проект поддржан од Erasmus+ програмата КА229

Локација СОУ „Кочо Рацин" Велес
16 април 2019г.
Предметни наставници Елизабета Јордановска,Милка Андонова, Весна Здравковска

- 2регионална конференција „Светот на образованието ги брише границите„

Асоцијација на најдобрите наставници на бивша Југославија со подршка од Министерството за образование и наука на С.Р.Македонија и Министерството за образование и наука на Црна Гора одржан во Будва
од30 април до 2 мај 2019 г.

Лила Арсова-одделенски наставник

- Motivation, innovation and effectiveness in the Elt classroom-Семинар во организација на издавачката куќа MM Publications.

31ви Мај-Хотел Мериот Скопје
Мај 2019г.
Предметен наставник Александра Крстовска

- Учество на Петта Едуконференција

Локација: Хотел Континентал Скопје
10 и 11 мај 2019г.
Предметни наставници Елизабета Јордановска, Милка Андонова,Каролина Попова

- Координативна средба со претставници на училиштето (раководството,стручна служба) и БРО Скопје

Локација: Скопје
28 мај 2019г
Предметен наставник по граѓанско образование-Весна Дончевска

- Планирање,организирање и реализирање на настава во комбинирана паралелка

Ванче Маневски- советник во БРО - Штип
5јуни 2019г.
Одделенски наставници

- Зајакнување на демократската клима во училиштата

Обука за наставници по предметот Граѓанско образование за IX одд.
20 јуни 2019г.
Предметен наставник по граѓанско образование-Весна Дончевска

- Сертификат за координатор на едукативниот проект "Еко пакет'

Јуни 2019г.
Предметен наставник по техничко образование и информатика Милка Андонова

- Обука за изготвување на самоевалуација на развоен план

Предметен наставник по ликовно образование Снежана Стефановска

- Конвенција на ЦЕВ за одбојкарски тренери

ЦЕВ-конфедерација на Европска одбојка-оддел за развој
Од 21 до 23 јуни 2019г.
Предметен наставник по физичко и здравствено образование Весна Николова

- Учество во работилница „ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД, СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2019–2030" во организација на Општина Велес

  Учесник: психолог Лидија Хаџиарсова

- Учество на заедничка седница на Локалниот економски совет и локалниот граѓански совет за јавна расправа на тема: „Во каков Велес сакаме да живееме"(регионални и општински стратегии, документот „ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД, СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2019–2030" треба да биде усвоен од Советот на Општина Велес по консултации со јавноста).

  Нацрт листа со капитални инвестиции и начини на нивно финансирање

Учесник: психолог Лидија Хаџиарсова

- Обука:„Зајакнување на капацитетете на училиштата за инклузивно образование во организација на БРО "Хотел „Континентал"
  Време на реализација: **21 и 22.09.2018**
  Учесник: психолог Лидија Хаџиарсова

Обучувачи: Александра Пешевска Митановска, Душанка Панкова, Елизабета Петровска, Вангелина Мојановска, Розалија Бошковски, Андријана Тасевска

- Во контекс на унапредување на ИКТ во наставата и подобрување на квалитет на настава се реализираа интегрирани часови од нагледен карактер со примена на ИКТ;.
  Тимови за учење од наставници и стручни соработници им даваа поддршка на наставниците да споделуваат искуства и да учат од непосредната практика. Активностите беа насочени кон размена на искуства, идеи и материјали поврзани со учењето и постигањата на учениците, евалуација.

  Во училиштето се организираа индивидуални сесии за менторска поддршка за програмата базирано на наученото на средбите на тимовите за учење;

  Инструменти: извештаи од обуки, фотографии, записници, сертификати, благодарници

  Носител на активностите: БРО, стручни активи, наставници, педагог, психолог, дефектолог, инклузивен тим.

Семинар на тема **„Истражување на сензорниот свет на аутизмот "** со Д-р Олга Богдашина, во организација на здружението „Сина светулка " Скопје

- Работилница на тема **„Како да им помогнеме на децата со аутизам"**
со М-р Ана Петреска,логопед и дефектолог во здружението „Интеракција плус " Скопје

- Работилница и промовирање на **„Водичот за инклузивно образование"- Премин од одделенска во предметна настава** во која беа вклучени и неколку одделенски и предметни наставници од училиштето.

- Семинари по дефектологија на следните теми
1. Научни наставни методи базирани на докази во образованието на лица со попреченост во развој
2. Развој на основни вештини за учење
3.Дизајнирање и одредување на целно однесување
4.Развој на јазични и говорни вештини кај лица со Down синдром и Аутизам
5. Проблеми во однесувањето и методи на справување
6. Графикони на активност, независност, избор и развој на социјалната интеракција
7. Сексуалниот развој и родовата едукација
8. Теорија на умот - во организација на Меѓународен Балкански Универзитет и ТИКА Македонија

- Семинар **„Практични методи и алатки при работа со ученици со дислексија "** во организација на здружението „Ајнштајн " од Скопје

- Учество на Форумски сесии во рамките на проектот **„Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој "** во организација на Центар за развој на Вардаски плански регион

- Учество на 4 Форумски сесии во рамките на проектот **„Зајакнување на општинските совети "** во соработка со УНДП и Швајцарската агенција за развој и соработка и Општина Велес и создавање на нов проект кој произлезе од овие форумски сесии **„ Велес без бариери"**

13. Вклученост на семејствата во училиштето

- Најдобриот и најзастапениот заеднички облик на соработка помеѓу училиштето и родителите се родителските состаноци. На овие состаноци на родителите се информираа за корисноста и неопходноста од нивната соработка во

насока на правилен психофизички развој и напредок на нивното дете.Од голема важност е родителите да се мотивираат за соработка, активно да се вклучуваат во училишниот живот. Се даваше поддршка педагошки да се оспособат заеднички да ги решаваат проблемите што се јавуваат во класот.

- На почетокот од учебната година родителите добија брошури со информативен материјал за животот и работата на училиштето.
- Во рамките на училиштето се реализираше и Програмата за советување на родители во која беа вклучени групи на родители на ученици со слична или заедничка проблематика.
- Родителите беа активно вклучени во активностите за професионална ориентација на нивното дете, беа организирани посети на средни училишта и производствени организации
- Се реализираа работилници и штандови на кои родителите дадоа свој максимален придонес. Со вклучувањето во училишниот живот родителите стекнуваат одреден степен на социјална контрола во училиштето и преку контактите што ги развиваат со вработените и другите родители.
- Членови во Совет на родители беа вклучени во работилници со цел да се зајакне нивното знаење и вештини за да се иницира и зајакне родителската инволвираност за поддршка на меѓуетничка интеграција во образованието. Дел од родителите беа вклучени и во работните состаноци од: Со читање до лидерски вештини, Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем, Инклузивно образование.
- Во рамките на проектот„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците", учениците, родителите и наставниците реализираа заеднички активности на кои се изготвуваа новогодишни честитки, се развиваа дискусии на одредени теми и се разменуваа искуства, се поттикнуваше интересот на учениците кон книгата со читање на сегменти од лектирни изданија. Неколку родители беа во улога на наставници по одредена тематска содржина.

14.Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Да се биде присутен и да се даде свој придонес во реализација на активностите на органите на локално ниво, како и учество во животот и работата на училиштето, редовна е задача при остварување на што подобра соработка. Во таа смисла учениците од училиштето активно учествуваа во културните манифестации на локалната заедница и Општината. Во текот на учебната 2018/2019 година, се реализирани повеќе активности исполнети со културни и образовни содржини што се наменети за граѓаните од средината во која работи училиштето, а тие се:

Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Да се биде присутен и да се даде свој придонес во реализација на активностите на органите на локално ниво, како и учество во животот и работата на училиштето, редовна е задача при остварување на што подобра соработка. Во таа смисла учениците од училиштето активно учествуваа во културните манифестации на локалната заедница и Општината.

Во текот на учебната 2018/2019 година, се реализирани повеќе активности исполнети со културни и образовни содржини што се наменети за граѓаните од средината во која работи училиштето, а тие се:

- Соработка со родителите на учениците:
  - работни акции
  - уредување на ентериерот на училиштето
  - спонзорства и донации.
- Организација на Еко штандови, Новогодишни штандови, Велигденски штандови, Ликовни работилници
- Учество во:

- Поетски перформанс по стиховите на Раде Силјан во Сала „Бели Мугри"
- Поетски перформанс по стихови од книгата „Сјајна ѕвезда со лавовска грива" на Н.Е. Амбасадорот на Р. Словенија во Р. Македонија
- Националната акција за чистење на отпадот која беше организирана од страна на МОН, во соработка со Општина Велес, со цел спроведување активности за чистење на внатрешноста на училиштето, училишните дворови и непосредната околина. Во акцијата беа вклучени вработени, наставници, помошно-технички персонал и ученици и истите успешно ги исчистија дворните површини на училиштето.
- Акција на локација Зелен појас Топилница
- Настан „Да трчаме, здраво е, во организација на Друштво на родители за грижа за здраво поколение, во соработка со Локален совет за превенција од малолетничко престапништво
- Јавен настан со мото „Учиме заедно" како завршна активност на проектот „Поддршка на училишните секции во повеќејазични училишта", организиран од Младински образовен форум и УСАИД

- Трибина во соработка со Општина Велес на тема: „Нашата волонтерска приказна"
- Еду конференција
- Кампања за создавање позитивни животни практики, здрави навики и вредности
- Проект за поддршка на постоечките училишни секции во повеќејазични училишта - МИО Активности од секција1 во ПУ "Васил Главинов"-с.Бузалково. Сликање на тема "Есен во рурална и градска средина"
- Проект „Поддршка за училишните секции во повеќејазичните училишта". МИО активности, секција 2- Изработка на новогодишни честитки со двојазична содржина

- Соработка со НВО секторот
- Одбележување на културно-спортски манифестации:

- Меморијален турнир во одбојка пионери во чест на нашиот драг колега по ФЗО Проф.Илош Анастасовски
- Посета на театарски претстави и манифестации:

-Театарска претстава „СнешкаСмешка иТеоТекнувало го спасуваат Дедо Мраз" -театар Ј.Х.Џинот-Велес
- Театарска претстава „Златната Рипка"-театар Ј.Х.Џинот-Велес
- Балетска претстава „Петар Пан "- Македонска опера и балет- Скопје
-„Детски музички фестивал „Златно славејче" –Македонска филхармонија- Скопје

- Посета на:
- Културно-историскиот споменик Костурница- Велес;
- Посета на црквата Св. Пантелејмон- Велес,
- Посета на Локална библиотека „Гоце Делчев",
- Посета на Народен музеј- Велес,
- Посета на Општина Велес
- Посета на Собранието на Р.Македонија,
- Посета на ликовни изложби,
- Посета на Детскиот едукативен центар во МКЦ,
- Посета на телевизиска куќа- запознавање и презентација на народното творештво и претставување на нашето училиште,
- Посета на спомен- куќата на Васил Главинов,
- Посета на спомен- куќата на Кочо Рацин,
- Посета на спомен- куќата на Мајка Тереза,
- Посета на спомен- куќата на Тоше Проески
- Соработка со Здравствен дом-Велес:
- Предавања од области на стоматологијата, превенција и здравствена заштита, стоматолошки прегледи, систематски прегледи, учество на ликовен конкурс во организација на Здравствен дом.
- Учество на квиз натпревар во организација на МТВ во емисијата „Голем одмор"
- Во соработка со Црвен крст се реализираше дебата и предавање за Превенција од болести на зависност, Превенција од СИДА, хуманитарни акции
- Соработка со Историски архив, Музеј, Здружение на возачи Велес СВР - Велес, Градска библиотека „Гоце Делчев", Театар ЈХК-Џинот
- Соработка со волонтери од Peace corps
- Вклучување на училиштето во други културни и образовни активности што се организираат во локалната средина.
- Соработка со училишта со кој е потпишан меморандум за соработка од Програма-меѓуетничка интеграција
- Соработката со БРО и МОН

- Училишниот хор под менторство на наставничката Веселинка Мацарова континуирано учествува на сите културни манифестации кои се во организација на општината.
- Во организација на Сојуз на спортови и Општина Велес наставничката Весна Николова е прогласена за најдобар спортски педагог во општина Велес
- Во соработка со Општина Велес и Црвениот Крст се организираше работилница за здрава исхрана.
- Одбележување на Детската недела со реализација на низа активности под мотото „ Градиме мостови- чекориме кон иднината"
- Одбележување на Денот на гладта
- Одбележување на Европска недела на мобилност под мотото „Ден без автомобил", со традиционално возење велосипеди на одредена релација
- Одбележување на 8 Септември- Ден на независноста на Р. Македонија
- Одбележување на 16 Септември- Меѓународиот ден за заштита на озонската обвивка со прошетка низ градот со транспаренти изработени од учениците
- Одбележување на 5 Октомври- Светскиот ден на учителот
- Одбележување на 11 Октомври- Ден на востанието на македонскиот народ со предавање и читање поетски творби
- Одбележување на 15 Октомври- Меѓународен ден на Белиот стап во Ресусниот Центар за деца со пречки во видот со Лајонс Клуб Велес. Ресурсниот Центар функционира во рамки на проектот на УСАИД и ЛЦИФ ,,Деца со пречки во видот" како едукативна компонента.
-
- Одбележување на 16 Октомври – Ден за борба против гладот , предавање „Помислете и на нас"; Кампања „Денот на гладните"
- Одбележување на 23 Октомври- Ден на македонската револуционерна борба
- Одбележување на 20 Ноември- Светскиот ден на правата на детето
- Одбележување на 3ти Декември - Светскиот ден на лицата со посебни потреби со работилница на тема: „Срце полно љубов"
- Одбележување на 9 Ноември- Ден на ослободување на Велес
- Одбележување на 7 Декември- Св. Климент Охридски
- Одбележување на 5 Март- Ден на заштеда на електрична енергија според светскиот ЕКО-календар
- Одбележување на 21- ви Март- Светскиот ден на лицата со Даунов синдром преку одржување на јавен час и работилница во соработка со ПОУ "Маца Овчарова" Велес
- Одбележување на 21-27 Март- Денови на пролетта, денови на екологијата
- Одбележување на 1 Април- Денот на шегата со учество и дефиле на Априлијадата
- Одбележување на 2 Април- Светскиот ден на лицата со аутизам

- Одбележување на 23 Април- Светскиот ден на книгата
- Одбележување на 24 Мај- Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј
- Одбележување на 31 Мај- Светски ден против пушењето
- Одбележување на 51-ти Детски Рацинови средби со учество на литературен конкурс, ликовен конкурс, подготовка на поздравен говор, изразно рецитирање на творби од Рацин, пречек на гостите и поетско читање од поетите, наши сограѓани
- Одбележување на Светскиот ден на правата на детето

- Активности од проектот „Мултиетничка интеграција во образованието" помеѓу партнер училиштата ООУ„Васил Главинов" и ООУ„Благој Кирков" – „Градиме мостови"- Проект на МОН на Р.Македонија и мисијата ОБСЕ во Скопје.

  - Едукативен камп во Струга

  - Еднодневна екскурзија во Крушево, градот на прерано загинатата македонска поп ѕвезда Тоше Проески, кој беше воедно и голем хуманитарец, амбасадор на добрата волја и вистинските човечки вредности. Учениците од двете училишта, заедно со наставниците го посетија спомен-објектот Македониум, гробот и спомен куќата изградена во негова чест. Во рамките на посетата, учениците се запознаа со животот и делото на Тоше Проески со акцент на неговата хуманост и добрина што ги остави зад себе, како порака до сите идни генерации. На широкиот простор на Гумење, учениците имаа можност да се дружат, рекреираат, играат друштвени спортски игри и да напишат пораки и песни посветени на Тоше Проески и хуманоста воопшто.
  - Учество на настан „Заедно градиме мостови"- „Школка"- Градски Парк Скопје

  - Работилница: „Да споделиме радост"

  - Хуманитарни акции, спортски игри и низа други активности

- Активности од заедничкиот проект „Избери го вистинскиот спорт" со Агенција за млади и спорт, Факултетот за спорт и здравје и Сојузот на спортски федерации

- Активности во рамките на проектот на Фудбалската федерација на Македонија, во соработка со Федерацијата на училишен спорт на Македонија – „Фудбал во училиште - фудбал сега,фудбал насекаде", вклучени во проектот од Општина Велес

- Активности и соработка за проект на Erazmus+ Sport project YOUTH SPORTS FAIR CHANCE - ФЕР ШАНСА ЗА МЛАДИТЕ ВО СПОРТОТ со ФУСМ
- Активности во рамките на Проектот на USAID North Macedonia за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.
- Активности во рамките на проектот „Кампања за создавање на позитивни животни практики, здрави навики и вредности!", имплементиран во рамки на проектот „Граѓанските организации во служба на локалната демократија" спроведен од АЛДА Скопје, Европско движење Македонија и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија, со финансиска поддршка на Европската унија преку ИПА 2 инструментот.
  - Работилница на тема: „Влијанието на детските игри врз психо-физичкиот развој на децата"
  - Работилница на тема: „Деформитетите кај децата кои се резултат на физичка неактивност и неправилен начин на исхрана
- Активности во рамките на Еко- проектот по повод Денот на заштеда на електрична енергија преку изработка на хамери со приказ на електрични апарати, бела техника и насоки и совети за заштеда на електрична енергија
- Активности во рамките на проектот „Поддршка на училишните секции во повеќејазични училишта
- Активнсти по повод Денот на училиштето на тема: „Наједноставните животни задоволства се најголемите радости":

- литературен конкурс

- ликовен конкурс

- спортски активности

- свечена приредба

- доделување на наградите во спомен-куќата на Васил Главинов

- Во рамките на проектот „Другаруваме, спознаваме, учиме, напредуваме", финансиран од Фондација отворено општество на Р.Македонија и НВО ЦПЛИП Порака-Велес, во просториите на нашето училиште се реализираше работилница на тема „Како е да си дете со посебни потреби"

- Во нашето училиште, заедно со ученици од с. Бузалково и од ООУ ,,Благој Кирков," се реализираа активности од проектот МИО, работилница на тема ,,Различни семејства, иста љубов". Потоа направивме хуманитарни пакети кои ќе бидат поделени на семејства од ранлива категорија. Го посетивме општинскиот Црвен Крст, каде учениците се запознаа со дејноста на организацијата и како се станува член на Црвен Крст.

- Ученичката заедница на ООУ„Васил Главинов"-Велес организираше хуманитарна акција „Донирај и направи повеќе деца среќни" во средства за хигиена, храна (нерасиплива) и лектирни изданија за учениците на кои им е најпотребна. Акцијата беше успешна и беа направени 22 пакети, за исто толку ученици.
- Основците од Ооу Васил Главинов Велес се дружат и соработуваат во рамки на ученичката секција поддржана од Проектот на USAID North Macedonia за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.
- Учениците од Ооу Васил Главинов Велес учеа за рециклирање на отпадот преку спорт и забава, во рамки на заедничката секција по физичко и здравствено образование поддржана од Проектот на USAID North Macedonia за меѓуетничка интеграција на младите во образованието во која учествуваа ученици кои учат на различни наставни јазици. Заедничките секции кои се поддржани од нашиот партнер МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование / МСЕС овозможуваат подобрување на меѓуетничката интеграција меѓу младите од различни етнички заедници.
- Традиционална предновогодишна акција на ООУ "Васил Главинов", "Од децата за децата".

- Трибина на тема „Превенција од пиротехнички средства" преку презентација на истата тема изготвена од педагошко-психолошката служба на училиштето, во соработка со Локалниот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес

- „Еко самит 2018" на кој нашето училиште по 3 (трет) пат е добитник на „Зелено знаме"-Интернационално признание за еко воспитно-образовна институција.

- Општина Велес подготвува План за одржлива урбана мобилност, кој ќе биде основа за спроведување на мерките во областа на одржлива мобилност во општината. Во создавањето на Планот, еден од главните акценти е вклучување на јавноста, жителите на Општина Велес.

ООУ„Васил Главинов" – Велес е вклучен во овој процес и во соработка со Општина Велес, реализира анкета за да дознаеме кои се Вашите навики за патување и мислење за сообраќајните уредувања.

- Собирна акција во облека под мотото „Земи ме, уште вредам"
- Собирна акција на стара техника: мобилни, батерии, лап- топ
- Собирна акција во храна за бездомни лица
- Собирна акција за помош на стари лица и лица со посебни потреби во руралните заедници
- Собирна акција за болно дете
- Хуманитарна акција реализирана преку донација на храна и облека за децата кои што имаат потреба од тоа во соработка со ЦРВЕН КРСТ.
- Еколошка акција „Биди и ти дел од светскиот ден на читањето
- Во нашето училиште беше реализирана претстава во рамките на едукативниот ЕКО магичен караван за едукација на децата за селекција на отпад. „Хокус-покус - рециклирањето е во фокус", беше 45 минутно еколошко магионичарско шоу. Екомагионичарот Кристиан Шопов направи 15-ина трикови, проследени со музика и со реквизити, кои имаа за цел да ги научат децата од 6-10 годишна возраст како да ја практикуваат 3Р-програмата. Со многу магија, смеа и забава, децата научија за 3Р, односно РЕЦИКЛИРАЊЕ, РЕУПОТРЕБУВАЊЕ И РЕДУЦИРАЊЕ.
  - Соработка и учество на конкурс распишан од Народна банка по повод 31 Октомври-Светскиот ден на штедењето
  - Учество на заедничка седница на Локалниот економски совет и локалниот граѓански совет за јавна расправа на тема: „Во каков Велес сакаме да живееме"(регионални и општински стратегии, документот „ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД, СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2019–2030" што треба да биде усвоен од Советот на Општина Велес по консултации со јавноста).

Учество во одбележувањето на 116-годишнина од Солунските атентати кое се одржа на 30.4. 2019 пред споменикот на Гемиците (кеј на Вардар) во организација Општина Велес.

Сите активности и постигнувања училиштето ги промовираше во медиумите и веб страната на училиштето.

Годишниот извештај на училиштето го подготвуваше тимот во состав:

1. Сашко Чоков - директор
2. М-р Александар Домазетов – помошник-директор
3. Евица Кимова - педагог
4. Лидија Хаџиарсова - психолог
5. М-р Асен Прличков – психолог
6. Ивона Борисова – дефектолог
7. Тања Индова-– дефектолог
8. Елена Клемова – професор во одд.настава
9. Весна Дончевска – проф. по граѓанско образование
10. Бојанка Џипунова -Ташова - проф. македонски јазик
11. Никола Божиков- наставник. по географија
12. М-р Сања Гуџова – проф. во одд.настава
13. Милка Андонова – проф. по техничко образование
14. Максут Бакиовски – наставник во одд.настава
15. Оливера Нецинова - проф. во одд.настава
16. Неваип Лимани – наставник по информатика
17. Радмила Бабунска-одделенски наставник
18. Кети Тодорова –наставник по математика

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Основно Училиште ВАСИЛ ГЛАВИНОВ ВЕЛЕС

Директор

Сашко Чоков

Прилози:

- Годишен извештај за работа на директор
- Годишен извештај за работа на помошник-директор
- Годишен извештај за работа на педагогот
- Годишен извештај за работа на психологот
- Годишен извештај за работа на дефектологот
- Годишен извештај за работа на библиотекар
- Годишен извештај за работа на Наставнички совет
- Годишен извештај за работа на Совет на родители
- Годишен извештај за работа на Училишен одбор
- Годишен извештај за работа на стручни активи
- Годишен извештај за реализација на акциони планови
- Годишен извештај за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Годишен извештај за реализација на ученички екскурзии
- Годишен извештај за реализација на ученички натпревари
- Годишен извештај за реализација на Програма за советување на родители

- Годишен извештај за работа на ученичка заедница
- Годишен извештај за реализација на програма за професионална ориентација на учениците
- Годишен извештај за јавна и културна дејност на училиштето
- Годишен извештај за превенција од насилно однесување во училиштето
- Годишен извештај за следење, вреднување и унапредување на ВОР
- Годишен извештај за општествено - корисна и хуманитарна работа
- Годишен извештај за соработка со локална средина и локална заедница
- Годишен извештај за грижа на здравјето на учениците
- Годишен извештај за интеграција на еколошка едукација
- Годишен извештај на инклузивен тим за образование
- Годишен извештај од ПМИО
- Годишен извештај за работата на училишниот хор и оркестар
- Годишен извештај од антикорупциска едукација на учениците